Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 75, 1 март 2012 година

март 2012 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област максилофацијална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научно поле/област клинички медицински науки на Факултет за медицински науки при Универзитет„Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област преработка на анимални производи на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........19

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област геотектоника и регионална геологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - во звање асистент за научната уметничка област музички форми со анализа на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........31

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Пијанистички техники“ од авторот доцент м-р Татјана Џорлева од Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Џез саксофон – практика и вежби“ од доцент м-р Георги Мицанов, Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........38

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот оркестар на народни инструменти 1“ од м-р Марјан Јанкоски, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........40

**ИЗВЕШТАЈ** од Комисијата за утврдување на подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за научна работа ........42

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........48

**ПРИГОВОР** од кандидатката Весна Танчева ........49

**ОДГОВОР** на приговор од кандидатката Весна Танчева ........50

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПИЈАНИСТИЧКИ ТЕХНИКИ“ ОД АВТОРОТ ДОЦЕНТ М-Р ТАТЈАНА ЏОРЛЕВА ОД ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката бр. 1902-105/15 од третата седница на Наставно-научниот и уметничкиот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, одржана на 16.2.2012, се избрани рецензентите:

– доц. м-р Емилија Потевска, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Факултет за музичка уметност;
– доц. м-р Ангеле Михајловски, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Факултет за музичка уметност,

за изготвување на извештај – рецензија на приложениот ракопис за е-скрипта со наслов „**Учебно помагало на студентите по пијано**“ од авторот **доц. м-р Татјана Џорлева**, наменет за студентите од прв циклус на додипломски студии на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип на Вокално-инструменталниот оддел.

По прегледот на ракописот, рецензентите до Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност го поднесуваат следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот за е-скрипта со наслов „**Учебно помагало на студентите по пијано**“ од авторот **доц. м-р Татјана Џорлева** е материјал компатибилен со Наставниот план и содржините на предметот Методика на музичката настава 2, кој се изучува на Вокално-инструменталниот оддел, насока Пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип на прв циклус, додипломски студии во VI семестар со фонд на часови 2+2+2 и број на кредити 8.

Ракописот е напишан во А4 формат, фонт Arial и големина 11. Текстот содржи 41 пример на извадоци нотен текст и е подготвен според пропишаната наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет, а се однесуваат на подготовката на теоретскиот дел од овој предмет.

Приложениот ракопис е концизно учебно помагало, кое во целост ги опфаќа сите пијанистички техники кои се и главна цел на изучување на предметот Методика на наставата по пијано 2. Во воведниот дел авторот ги истакнува различните пијанистички методи и нивниот развој, процесот на усовршувањето на механиката на пијаното, најзначајните интерпретатори чии форми на работа ја надградиле и развиле пијанистичката техника. Како центар на овој ракопис се обработуваат сите елементи на пијанистички техники, кои авторот ги обработува во 12 точки. Издвоените 12 видови на пијанистички техники се главни елементи во изведбата на секој пијанист и неизбежен дел во работата за изведба на богатата пијанистичка литература на 20 и 21 век. Пијанистичките техники се обработени во 12 одделни поглавја, и тоа: Фигури и форми без подметнување на палец, Техника на палец во скали, Разложено свирење, Дупли ноти, Октави, акорди, Техника на ротација, Украси, Репетиција, Скокови, Глисандо, Повеќегласие. Секое поглавје ја обработува детално пијанистичката техника, од нејзиниот развој па сè до примената во современата литература. Се наведуваат и примери за практични вежби за усовршување на конкретната техника.

Ракописот е стручно и научно конципиран и е напишан на разбирлив јазик за студентите на Факултетот за музичка уметност. Квалитетот, прегледноста и естетиката, како и големиот број на нотни примери, даваат можност за успешно следење и подготвување на теоретскиот дел од испитот Методика на наставата по пијано 2.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предлага следниот

**З А К Л У Ч О К**

Предложениот ракопис преставува извонредна основа за подготовка на студентите на Факултетот за музичка уметност за одговор на теоретските барања на предметот Методика на наставата по пијано 2. Ракописот „Учебно помагало на студентите по пијано" од авторот доц. м-р Татјана Џорлева е ракопис кој стручно и научно е соодветно конципиран. Разработените содржини се во согласност со Наставниот план на предметот Методика на музичката настава 2 на Факултетот за музичка уметност за студентите од Вокално-инструменталниот оддел – Пијано.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на скрипта пропишани според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Рецензентската комисија предлага скриптата со наслов „Учебно помагало на студентите по пијано" од авторот доц. м-р Татјана Џорлева да биде објавена како електронска скрипта за потребите на студентите на Факултетот за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев".**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. м-р Емилија Потевска, с„р.**
**Доц. м-р Ангеле Михајловски, с.р.**